Д-р Ристо ПОПЛАЗАРОВ

# МАКЕДОНИЈА И ОСЛОБОДИТЕЛНИТЕ БОРБИ И ВОЈНИ НА ДРУГИТЕ ЈУГОСЛОВЕНСКИ ЗЕМЈИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1875 ДО 1878 ГОДИНА

## Прилог кон проучувањето на македонско-југословенската заемност

Под овој наслов ќе се потрудиме да ги разгледаме и расветлиме врските и соработката меѓу борците и дејците од Македонија и од другите југословенски земји во ослободителните и во другите антиосмански борби и војни и нивниот однос спрема Македонија во дадениот период. За да ги разјасниме нив подобро, бегло ќе изнесеме некои поважни настани од оваа тематика од 60-те години наваму зашто тие се заемно поврзани и кулминираат во периодот 1875—1878 година. Притоа ќе бидат разгледани само позитивните појави. Дадените настани со својот интензитет и динамика можат да се поделат на четири фази: 1861—1863, 1866—1869, 1871—1872 и 1875—1878, при што во последната, врвна фаза, се отвориле најкрупните и судбоносни настани, кои дадоа значајни резултати. Поради природата на работите, во сиот овој период македонско-српските односи и соработка стојат на прво место.

Србија, уште по своето делумно ослободување од османското царство, според францускиот тогашен општественик Сиприен Робер, сѐ повеќе ги привлекувала словените под Турција. „Ако српската и бугарската раса" — тврдел Робер — „се здружат врз федеративни принципи ќе бидат ,непобедливи'". Нешто подоцна (1853) во иста смисла пишувал за Србија и Ф. Енгелс под името на К. Маркс. Тој притоа ја истакнува позитивната улога на Југословените општо и консаттира дека „. . . христијаните во Тракија, Македонија, Бугарија и Босна ги сметаат нив (ослободените во Србија — Р. П.) како центар околу кој ќе се соберат во идните борби за независност".[1]) Овие предвидувања

[1]) Според М. Арнаудов, Веркович и Веда Словена, С. (София) 1968, с. 66; Б. Игњатовиђ, Светозар Марковиђ . . ., — Балканика, V, 167.

на Енгелс брзо се остварија. Неколку години по нивното изнесување, односно од почетокот на 60-те години XIX век Србија станува центар на ослободителните и другите антиосмански движења и акции, на многу дејци и потфати од сите балкански земји. Во тоа се вклучени Македонија и Македонците во земјата а особено тие во странство.

Во првата фаза во Македонија исто се почувствувало оживувањето на балканското ослободително движење. Во Битола продираат вестите за воените настани во Црна Гора и Босна. Некои Македонци од овој крај, како Константин поп Трпков-Буфски, го посетуваат Белград и се поврзуваат со некои тамошни фактори кои учествувале во зафатите за ослободување од османското владеење. По враќањето од Белград, Буфски дејствува како еден од водачите на едно „движење кое работеше за ослободувањето на христијаните од турскиот јарем ...". Ова движење имало свои луѓе во повеќе места на Битолскиот санџак и подготвувало востание, но во мај 1862 година, заверениците биле откриени и заедно со нив многу луѓе биле позатворани и мачени.[2]) Не е исклучено дека ова движење е поврзано со плановите што се правеле во тоа време. Тајниот одбор (1860—1861) на Матија Бан, со кого соработувале и некои македонски емигранти, правел еден план за дигање востание во Стара Србија, Босна, Херцеговина, Албанија и Македонија.[3])

Во ова време во Србија се наоѓале повеќе македонски ајдути, меѓу кои бил и долгогодишниот војвода Ильо Марков. Неговиот авторитет бил таков што некои тогашни фактори предлагале план според кој Ильо војвода требаше да дигне востание во Македонија со цел во почетокот да се бара само исполнување на хатихумајумот, а ако тоа успее „да се прошири по цела Турција". Тоа изгледа требаше да се дигне истовремено со востанието на Лука Вукаловиќ во Херцеговина.[4])

Споменатите и други ајдути одржувале врски со своите пријатели и сомисленици, ги известувале за нивната дејност и во 1862 година некои од нив добиле од Македонија „добри вести". Во врска со тоа, во еден конзулски извештај се вели дека, околу сто села (во Битолскиот санџак — Р. П.) биле готови да се дигнат на востание, штом Србија ѝ објави војна на Турција. Настаните во Србија и Црна Гора во Битола направија „длабок впечаток и предизвикаа големи сочувства ..." кај народот.[5]) Ильо Марков требаше да се врати од Србија во Македонија за да организира

---

[2]) К. Џамбазовски, Мак. у Београду..., Ослобођење градова... Б. (Београд) 1971, с. 444; Из архивата на Н. Геров, С. 1914, II, с. 669, 174.

[3]) АС (Архив Србије), ф. МПс, ф. X, бр. 1612/1861 В. Вучковић, Неуспела..., Ист. час., Б. 1959, с. 387—388.

[4]) „Kvety", Praha 11. VII. 1867, c. 2, s. 15; Документи за българс. ист., С. 1931, с. 237.

[5]) П. Хитов, Моето, пътуване..., Букурещ, 1872, с. 29; Из архивата на Н. Геров II, с. 670, 676.

востанички акции, но тоа не се оствари. Во 1862 година во Македонија пак е испратен Стефан Верковиќ и покрај својата културно-просветна дејност, презема некои чекори да организира со своите македонски соработници една тајна организација за борба против османското владеење.[6])

Повеќе Македонци, кои се наоѓале во странство, во бурната 1862 година учествувале во разни борбени акции. Во тој однос, најзначајно е учеството на македонските ајдути, емигранти и работници (печалбари) во подготовките и во борбите за прогонување на турската воена посада од Белград. Меѓу нив се истакнале: војводата Ильо Марков, Димитар Поп Георгиев-Беровски, Ѓорги Пулевски, Христо Николов-Македонски, Јосиф Македонецот и други. Во текот на подготовките Ильо војвода вежбал еден баталјон доброволци од разни краишта на Балканот. За време на јунските борби, според пишувањето на тогашниот бугарски деец Ј. Касабов, Ильо Марков учествувал со една засебна единица, наречена „Ильова легија", од други наречена „македонски одред", составен „во мнозинство од македонски луѓе". Според други извори, оваа единица влегувала во бугарската легија на Ракобски. Македонци можеби имало и во Призренската легија на Вл. Ст. Качански и во други воени единици. Тие учествувале во борбите водени на разни места во Белград. Некои од нив се истакнале со својата борбена храброст, други паднале или биле ранети.[7]) Во овие борби и во други настани најмногу се истакнал Ильо Марков. Според кажувањето на неговиот современик Христо Македонски, Ильо војвода тогаш уживал голем авторитет. По борбите во Белград, со него останале во Србија доброволците што ги предводел тој и многу други.[8]) Поради авторитетот што го имал Ильо војвода и во 1863 година некои фактори го сметале него за раководна личност која може да отпочне една „ајдучка војна" за охрабрување на христијаните и сл.[9]) Оваа акција, за која бил изготвен план не се оствари. Во оваа прва, како и во втората (1866—69) фаза на подемно ослободително движење се оствари значајна соработка меѓу повеќе српски, македонски и други дејци од тоа време.

Во склад со целокупната ситуација во Европа а посебно на Балканот, бил изработен во 1866 година еден „проект за востание на христијаните во Европска Турција".[10]) Востанието требаше да го изведат околу 186.000 востаници и војска од балканските земји под Турција и балканските државици под водство-

---

6) М. Арнаудов, Ст. Веркович и Веда Словена, с. 305.

7) Г. Димитров, Княжество България II, с. 198; Ј. Касабов, Моите спомени, С. 1905, с. 30; Ал. Пиронков, Български дейци, с. 78—79; К. Џамбазовски, Македонци ... Ослоб. Београда ..., с. 426—446.

8) Хр. Македонски, Записки, С. 1896, с. 33.

9) Из архивата на Н. Геров, II, с. 355, д. 2201.

10) А-ВИИ, (Архив Војно-историског института у Београду), Попис бр. 1, кут. 1, бр. 3. На проектот стои: „Цариград, август 1866 г. книжевскиот аѓутант, капетан Л. Ивановиќ".

то на Србија. Македонија требаше да даде 20.000 востаници. Проектот предвидувал востанието први да го почнат албанските и црногорските востаници во областа на Скадарското Езеро, македонските и албанските востаници во областа на Охридското Езеро и српските и албанските востаници во базенот на (Бели) Дрим. Од проектот се гледа дека македонските востаници и други воени сили требало да дејствуваат во области, каде што се наоѓал центарот на турските операции за западниот Балкан, сместен во Битола, од каде што турската војска најбрзо можела да се испрати за Грција, Албанија и Србија и да ги прекинува нивните меѓусебни врски и врските со Македонија.

На повеќе македонски области што се во соседство со други земји им се давало посебно значење, а се очекувало „решителната борба меѓу христијаните и Турците да се одигра некаде во Вардарската долина", каде што требало да биде поразена турската војска.[11]) Овој план за општобалканското востание и војна против Турција не се остварил, но одделни акции имало повеќе.

Секако, во врска со горенаведените планови, биле преземени и конкретни акции. Во јануари 1867 година бил тајно испратен од Србија офицерот Стефан Бинички, кој бил ангажиран во ослободителните зафати, да обиколи некои албански области, долината на Вардар и областа на Битола.[12]) Македонскиот деец, Стојан Везенков, препорачувал да се испратат да дејствуваат во Охридско и во други западномакедонски области неколку влијателни Македонци од тие места кои работеле во Србија.[13])

Стојан Везенков, кој според петроградското списание „Македонскиј голос" бил „истакнат македонски водач и борец за независноста на Македонија",[14]) како поверливо лице на некои српски и руски државници и дипломати, повеќе години работел во балканското ослободително движење, а во 1867 и 1868 година посебно се истакнал со својата дејност за југословенско-албанска соработка во подготовките на општото востание што требаше да избувне во рамките на балканскиот сојуз. Во пролетта 1867 година, од Цариград бил испратен во Македонија и Албанија Стојан Везенков „со цел да подготви во овие земји востание против Турција".[15]) Везенков ги посетил Солун, Битола, Прилеп, Крушево, Демир Хисар, Кичево и Дебар. Во повеќе места тој преговарал со луѓе ангажирани во ослободителното движење.[16])

---

11) А-ВИИ, нав. дело (н. д.).

12) АС, ф. П. О., кут. 26, бр. 122, извештај на Блазнавец.

13) АС, ИГ — 1626, л. 2.

14) Македонский голосъ, С. Петербург 1913, I, бр. 4, с. 57, (фототипно издание, Скопје 1968, с. 57).

15) Сенкович, Росия и Критское востание 1866—1869, Москва, (М.) 1970, с. 113

16) АС, ИГ — 1626, Београд 29. V. 1867; Г. Трайчев, Принос... към историята на револ. движ. в Македония, С. о. 1925, с. 1.

Секаде каде што бил Везенков агитирал за општо востание и се договарал со тамошните дејци да го дигнат народот на оружје штом им се даде знак од Србија. Кон крајот на мај се префрлил во Србија и ја известил владата за извршените подготовки кои завршиле без востание.[17] Во наредните неколку години, Везенков, а извесно време и трговецот Наум Сидо од Дебар, работеле за едно востание на чело со Џелал паша. Везенков изгледа ја посетил Македонија и Албанија повеќе пати и одржувал врски со тамошните дејци.[18] Гарашанин го сметал него како најспособен човек за одржување на врските меѓу овие земји и Србија.

Во третата фаза на подем на ослободителното движење на Балканот, челно место заземаат иницијативите и акциите за општобалканската соработка и востание преземени од Обединетата српска младина, чии истакнати дејци во септември 1871 година на состаноците во Цетиње формирале „Дружина за српско ослободување и обединување" на чело со Главен одбор и решиле да се дигне општо востание. По тоа, оваа организација „се обидувала кон крајот на 1871 и почетокот на 1872 година да организира востание во Босна и Херцеговина, Стара Србија, Македонија, Бугарија и Албанија против турските поробувачи".[19] Во врска со тоа се преземаа акции или се правеа обиди одделни нејзини дејци да се поврзат со револуционерните фактори на споменатите земји и со грчките „хетеристи" — револуционери, меѓу кои имало и луѓе од Македонија. Од македонските дејци, изгледа бил придобиен Ильо војвода и други. Во еден конзулски извештај од тоа време се вели дека за „главни места каде што треба да избувне востание се избрани Бугарија, Босна и Македонија" и дека „грчките етерии (друштва) ветуваат да организираат одреди во Епир и Македонија".[20]

Радикалните водачи на младината, како Милетиќ и други, работеле за самостојно организирање на ослободителните акции. Милетиќ така сакал „да ги принуди српската, црногорската и руската влада да се замешаат во ослободителната борба". Наведените влади се спротивставувале на тоа, зашто сметале дека времето не било погодно и затоа што се плашеле да не прерасне востанието во социјална револуција.[21]

Четвртата, врвна фаза од овој период започна со објавувањето на востанието прво во Херцеговина, а потоа и во Босна. Тоа има не само општобалканско, туку и европско значење. Со

---

[17]) АС, ИГ — 1626, Сравнете и: Гр. Јакшиќ — В. Вучковиќ, Спољна политика Србије..., Б. 1965, с. 506—507...; И. Г. Сенкевич, Албания... М., 1965, с. 57—58 и други.

[18]) АС, ПО, кут. 26, бр. 122; В. Стојановиќ, Пол. Србије... Зборник за друшт. науке Мат. српске, Н. Сад, 1968, т. 49, с. 19.

[19]) Игњатовиќ, Љубен Каравелов, „Уједињена омладина српска", Зборник, Н. Сад 1968, с. 165; Н. Петровиќ, О покушају..., Летопис Мат. срп., Н. Сад 1966, с. 475, 481.

[20]) Цитирано според В. Н. Кондратевева, Новые арх. мат..., Ученые зап. Инст. слав., XX, с. 322.

[21]) Игњатовиќ, ц. д. с. 165; В. Војводиќ, ц. д. с. 314.

него почна новото избувнување на источната криза од 1875 до 1878 година. Тоа стана непосредна или посредна причина, или даде повод за низа востанички и дипломатски акции, за Српско-турската војна од 1878 година и за други настани. Речиси целиот Балкан се разбунтува, а тоа покрај другото, беше една од причините или поводите за Руско-турската војна, чии последици и резултати ѝ даде повод на европската дипломатија да се замеша во „решавањето" на балканските прашања, кои на еден или друг начин ја засегаа и Македонија.

Босанско-херцеговското востание имаше голем одглас во балканските земји. Неговиот апел до балканските народи да востанат и тие, или да го помагаат, наиде на значајна поддршка. Во повеќе југословенски градови биле формирани одбори за помагање на востанието, а од август 1875 година во Белград дејствувал Главниот одбор за помагање на востанието во Босна и Херцеговина. Други фактори во Романија ја повикале тамошната емиграција да го поддржи востанието. Тие истапиле од името на заедничките интереси, човештината, слободата и во името на иднината на Балканскиот Полуостров да се дигне востание и со заеднички сили да се собори заедничкиот непријател — турската влада. Во иста смисла се обрати до балканските народи и италијанскиот револуционерен водач Ѓузепе Гарибалди, поздравувајќи ги „од сè срце славните борци за источната слобода".[22]) Со овие апели секако била запознаната и бројната македонска емиграција во Србија, Романија и Грција. За тоа сведочат Записките на Хр. Македонски, случајот на Ѓ. Пулевски и др. За тоа ќе се зборува подолу.

Во Македонија тогаш се засили револуционерната и ослободителната агитација и тоа не само на десетината револуционерни кружоци и групи, кои дејствувале во разни нејзини краишта, туку и на поединци. Според „македонскиот книгопредавач Х. Михаил" во некои места минувале „некои Руси и Срби кои кажувале дека брзо ќе доаѓале да нè ослободат од Турците" ... Во таа смисла зборувале и самите Македонци на пр. во Малешевијата и во други области.[23]) Но во Македонија се почувствува и самото влијание на Босанско-херцеговското востание. Во врска со тоа Константин поп Стојанов — син на раководителот на Разловачкиот бунтарски кружок поп Стојан Разловечки — го пишува следното: „Самото време, со своите сложно ситуирани опстојателства беше најдобриот агитатор на идеите од таа револуционерна ера. Станува збор за востанието во Херцеговина, кое имаше силно влијание над умовите на робовите. Геројските под-

---

[22]) Војна енциклопедија, Б. 1970, I, 757, III, с. 30; Н. Обретенов, Спомени за българските възстания, Со. 1970, 172, 174; „Н. България", бр. 24, 19-8-1876.

[23]) Втора книжка Македония, издава Х. Михаил..., Русе 1879, с. 67; К. П. Стоянов, Тридесет години назад. Исторически записки по първото македонско възстание през 1876 год., Кюстендил 1903, 8—10.

визи на херцеговските патриоти тука (во Малешевијата — Р. П.) се цитира со горешто сочувство; и нашите приготвители во Солун (т.е. Солунскиот револуционерен кружок кој го приготвувал Разловечкото востание — Р. П.) беа сведоци при донесување на ранетите војници од полесраженијата на Херцеговина".[24])

Во истата (1875) година кога избувна Босанско-херцеговското востание, во Солун, кој бил центар на борбата за културно-просветна и црковна македонска посебност, раководителите на Солунскиот и Разловечкиот револуционерен кружок Димитар Поп Георгиев-Беровски, кој одржувал врски со Србија, и Поп Стојан Разловечки решиле да се дигне Разловечкото востание, почнале да снабдуваат оружје и го подготвиле револуционерното знаме на тоа востание — „огнен лав без круна врз жолто поле", со натпис „Македонија". Во март 1876 година, преку Поп Петар Солунски, кој бил еден од водачите на борбата за македонска посебност, се поврзал со Солунскиот револуционерен кружок револуционерниот деец отец Генади и се запознал со ослободителните замисли и подготовки на солунските и разловечките заговорници. Поради прогонство Генади бил принуден да бега и да се засолни во Србија, каде што бил и пред тоа.[25]) По сè изгледа дека Генади ги запознал факторите во Србија со македонските востанички потфати. Во прилог на таа претпоставка оди и очекувањето на Србија да се дигне востание и во Стара Србија[26]) т.е. и во северниот дел на Македонија, кој според тогашните сфаќања влегувал во неа (Стара Србија). Освен тоа има и други податоци за поврзаноста на тогашните настани. Кога во април 1876 година било решено Србија да ѝ објави војна на Турција, „било договорено да се дига востание" во областите под Турција и бил определен човек „да собира и организира доброволци од Јужна Србија и Македонија". Некој Васо Тоскиќ бил избран да изврши некоја мисија во Македонија, но не се знае за каква мисија се работи.[27])

Во Малешевијата, заговорниците и поразбудените луѓе уште од почетокот на 1876 година знаеле дека ќе има востание и дискутирале за тие работи. Некои велеле дека штом народот ќе востане Русија и Србија ќе се замешаат за да се ослободат христијаните. Други сметале на врските што ги одржувале со војводата Ильо Марков-Малешевски, кој се наоѓал во Србија и можел да дојде да ги помогне востаниците. Трети укажувале на тоа дека Србија и Романија биле далеку и не биле сигурни дали востанието ќе потрае подолго време за да може навреме да пристигне помош од тие земји.[28]) Иако за време на Босанско-херце-

---

[24]) К. П. Стоянов, н. д., с. 14.

[25]) Исто, с. 10, 12 и 13.

[26]) Н. Шкеровић, Записници седница Мин. савета, Б. 1952, 169.

[27]) ДА СИП, фонд МИД ПО, Г/2, 1876, писмо: Драги Јово..., В. Војводић, Школовање..., Ист. глас, Б. 1963, 4, с. 53—54.

[28]) К. П. Стоянов, н. д. с. 8—9.

говокото востание и за време на Српско-турската и Црногорско-турската војна, по неа и по објавувањето на Разловечкото востание на 20 мај 1876 година (н. ст.), во Малешевијата турските власти со терор барале „српско оружје“ и сл., сепак не е утврдено дали од Србија било испратено таму нешто такво.

Кога почнала Српско-турската војна во 1876 година „веднаш почна да се одзема оружјето. Турците отишле по малешевските села и викале: **„давајте ги пушките од Србија“**. Сите кои биле под сомнение дека имаат оружје биле изведени пред воениот суд во Софија“. Тогаш во Малешевијата биле уапсени и мачени над 10 лица: 4 од Владимирово, 2 од Русиново, 4 од Берово. Од Струмица 3, еден од Радовиш и од други места, но за нив не се знае. Се знае дека „српски пушки“ властите барале во Берово и Пехчево и дека го уапсиле поп Атанаса од Берово под обвинување дека одел во Србија. Него и поп Атанаса Дракала ги затвориле и суделе во Софија. Заради откривање „српски пушки“ биле тепани не само мажи, туку и жени и стари баби. Податоците за теророт во Струмичкиот округ, а особено во Малешевијата, се потврдуваат и од конзулски извештаи.[29])

За време на Босанско-херцеговското востание, Српско-турската војна и по неа, во македонските градови и села особено во источна Македонија, како што видовме владееле терор и прогонство. По селата крстареле „башибозучки банди“ под изговор дека божем одат за Србија. Грозна и ужасна беше глетката во Серес, која сепак беше поподнослива, за разлика од таа во селата која го раздразнуваше и срцето. Од една страна таму вршеа башибозучки чети, кои власта, „колку и да сакаше да ги заузди, не се решаваше за да не наиде на нивниот отпор“. Турските власти, плашејќи се од едно општонародно движење, употребиле масовен терор за да го оневозможат изливот на било каков отпор. Теророт започна во 1875 и се засили во периодот 1876—1878 год. Затворите во Неврокоп, Мелник, Петрич, Демир Хисар, Драма и Серес „биле буквално полни“ со невини учители, свештеници и поботати луѓе. „Во Неврокоп биле затворени сите учители од градот и селата, кои потоа биле ослободени . . .“ откако изјавиле дека го признаваат грчкиот владика, кој ја искористил ситуацијата да му ја налага на населението грчката црковна и пропагандна власт.[30])

Со оглед на тоа дека Босанско-херцеговското востание создаваше извесни услови за едно општобалканско востание и за војна против Турција, Србија била многу заинтересирана за овие работи; презела низа акции во врска со нив и на крајот ѝ објави војна на Турција. Една од тие акции биле тогашните преговори за овие прашања со Грција а особено со грчките прословенски и антиосмански кругови. Некои фактори од овие кругови во

---

[29]) Н. Михов, Населението на Турция . . . II, Мак. прег. V, 1, с. 158—159.

[30]) Салгънджиев, Лични дела и спомени, Пловдив 1906, с. 96—99.

првите месеци на 1876 година имаа формирано во Атина еден „Воен комитет за ослободување на христијаните во Турското царство“. Како негов раководител се претставувал и бил сметан од други лица, Леонида Вулгари, чии татко бил Македонец од Источна Македонија, а самиот Леонида имал голем број пријатели, сомисленици и соработници од редовите на бројната македонска политичка и печалбарска емиграција во Атина и со нив организирал повеќе воснички и други акции во Македонија и за нејзината кауза. Не се знае точно кога, но се знае дека во овие години Вулгарис и неговите македонски соработници имале формирано во Атина еден „Словеномакедонски комитет“, кој имал за цел преку востание, или на друг начин да се избори за автономијата на Македонија.[31])

За водечките личности на споменатиот Воен комитет, освен Вулгарис, се сметале и полковниците Коронеос и Византиос. Овие тројца, во март 1876 година изјавиле дека ќе се трудат да ја усогласат дејноста на Комитетот со антиосманските планови и акции на Србија. Во врска со тоа ќе правеле план за акција за кој Вулгарис ќе ги известувал заинтересираните српски кругови, со кои одржувал врски. Во врска со односот на овој Комитет со грчката влада, еден современик го констатира следното: „Значајно е што кај сите членови на Комитетот постои убедување дека треба да се работи независно од владата, а според некои од нив, и без нејзино значење. Тие се убедени дека кога избувна востанието, народот и војската самоиницијативно ќе му се придружат . . .“.

За востаничките водачи од Македонија и другите области под Турција, споменатиот современик, кој разговарал со нив, го пишува следното: „Тие сите се во непосредна и безусловна зависност од Л. Вулгарис. Тоа изгледа е поради тоа што и Вулгарис до неодамна бил тоа што се и тие . . . и стекна над нив голема надмоќност, која тие со најдобра волја му ја признаваат. Влијанието на тие водачи над населението на наведените предели е докажано со факти во неодамнешното минато“. Востаничките водачи „припаѓаат на самиот народ. Нивните мисли не се поврзани со никакви политички комбинации“. Тие работат, за ослободувањето на христијаните, но не водат сметка „што ќе биде потоа“, а тоа бил нивен недостиг. За разлика од грчките официјални кругови, „тие ги сакаат Словените во Турското царство, зошто знаат дека имаат заеднички непријатели; тие ги обожаваат Русите, зошто минатото ги уверува дека тие секогаш биле непријатели на Турците. За нив Србите се браќа и мислат дека прават грев што дозволуваат Херцеговците да пролеваат крв без нивното учество“.[32]) Од кажаното недвосмислено се гледаат сим-

---

[31]) ДА СИП, ф. МИД ПО, Г/2, 1876, Мемоар . . .; С. Димевски, Привремена влада . . ., Разгледи, Ск. 1973, XV, 1—2, с. 180.

[32]) ДА СИП, ф. МИД ПО, Г/2, 1876, Мемоар М. Гарашанина из 31. 3. 1876, л. 10.

патиите на споменатите востанички водачи, односно војводи спрема Словените а особено спрема востанатите Херцеговци, на кои биле готови да им помогнат и со оружје в рака. Меѓу нив секако имаше и повеќе Македонци, кои биле многубројни како нивни обични борци. Еден од војводите бил Коста Карабатак од Негуш, кој пред тоа организирал востанички акции во Негушко и изјавувал дека ќе ја ослободи Македонија. Меѓу македонските дејци, кои во ова време соработувале со Вулгарис, се споменуваат: Д. Робев од Битола, И. Г. Паунчев и Иоаким Сапунџиев — двајцата од Охрид и др. Паунчев, Иоан А. Рука и Лазар Рука (Југуков) од с. Косинец — Костурско, Панајот Антонов и др. на чело со Леонида Вулгарис го сочинувале Славомакедонскиот револуционерен комитет, за кој знаеме дека дејствувал малку подоцна. Вулгарис тогаш се дописувал и со некој војвода Наско Кондо (веројатно Македонец) кој требало да оди во Белград по некоја важна работа.[33])

Во врска со изгледите за востанија, кои можеле да избувнат тогаш во Македоија и во другите европски делови на Турција, и на тој начин да се помогне Босанско-херцеговското востание или евентуалната Српско-турска војна, споменатиот современик (М. Гарашанин) во март 1876 година констатирал дека тие биле изводливи. „Теренот за четничка борба е секаде мошне погоден ... За дваесет дена можат сите овие провинции да бидат во најголем пламен и така можат многу да придонесат во случај на војна“ со Србија да привлечат еден дел од турската војна. Во случај на блиска и изненадна војна на Србија со Турција, овие шефови (востанички водачи — Р. П.) се единствени на **кои Србија со доверба** може да смета и со мали жртви да ги искористи за себе ... Поради врските на Вулгарис со нив и неговиот авторитет, тој е човек од неисплатлива вредност за Србија. Неговиот фанатизам против Турција, неговите симпатии кон Србија, неговата популарност во Грција ѝ налагаат на Србија да одржува со него врски“.[34]) Исто и друг современик (В. Тоскиќ) ни го претставува Вулгарис како голем пријател на Словените и авторитетен деец против османската надвлада. „Општо може да се рече дека партијата (т.е. Комитетот и неговите приврзаници — Р. П.) на Вулгарис е мошне одушевена и има симпатии кон Србија и словенството“. „Леонида“ — продолжува Тоскиќ — „ми покажуваше многу писма на истакнати Грци од Турција во кои ја проколнуваат грчката влада, ги благословуваат востаниците (во Босна и Херцеговина — Р. П.), Србија и Црна Гора и бараат да почне борбата во грчките епархии на живот или смрт; ми покажуваше и други списи, писма на г. Игнатиев, договор со кнезот на Ливанската Гора (Карам)“, (изгледа на Албанија). Лео-

---

[33]) Ив. Б. Шумков, Патриот. разкази, С. 1907, 455—456, 465; Т. Пеев, Българ. легия ..., Мак. пр. 1927, III, 4, 32—34, 38, 43; С. Димевски, н. д. 179; ДА СИП, ф. МИД ПО, Г/2 ...

[34]) ДА СИП, ф. МИД ПО, Г/2 1876, Мемоар М. Гар., 31.3.76, л. 11.

нида одржувал врски и соработувал со некои гарибалдисти и со некои дејци во Париз. Значи Босанско-херцеговското востание имаше одглас не само кај словенските народи, туку и меѓу грчкиот народ, и тоа без оглед на тоа што владеачките и други кругови (кралот, некои друштва, фанариотите и други влијателни цариградски Грци ...) биле против грчко-словенската соработка.[35])

Интересно е што во овие месеци, односно во мај 1876 година во Атина се наоѓале и двајца Црногорци — мајорот Олимпиевиќ и Фил. Пламенац, кои во соработка со Комитетот на Вулгарис, наречен веројатно и „Востаничка дружина" работеле за некои ослободителни акции во кои била опфатена и Македонија. Во еден тогашен извештај стои дека Пламенац имал постигнато договор со „Востаничката дружина" (Комитетот) и особено со нејзиниот предводник Вулгарис за заедничка антиосманска борба. Поточно речено, Пламенац добил ветување дека ке добие „цепана и неколку чети за Македонија ..." и се верувало дека тие чети ќе ги размножи со македонски доброволци од редовите на емиграцијата. Пламенац требаше да замине во Црна Гора за да ги извести надлежните фактори за постигнатата спогодба и да склучи други такви. Според овој известувач Вулгарис бил човек на министерскиот претседател Кумундурос, кој исто бил за соработка со Србија и Словените. За овој, како и за некои други случаи, ова е точно. Кога мислењата на Вулгарис и Кумундурос се совпаѓале, првиот дејствувал со знаење на вториот, но имало и случаи на разидување, и во такви случаи Вулгарис работел без негово знаење.[36])

Преговорите за координирани востанички акции траеле повеќе време и дале извесни резултати. Во мај 1876 година било договорено војводите на Македонија и другите европски турски области да стапат во акција откако ќе добијат соодветни упатства од Србија, т.е. тогаш кога таа ќе ѝ објави војна на Турција, така што востаничките акции да привлечат еден дел од турските воени сили. Истиот месец, српската влада, преку својот повереник Васа Тоскиќ му испрати на Вулгарис 19.000 франци со цел да дигне востание, според едни во Европска Турција, според други во Македонија. За востание во Македонија Вулгарис добил и 100.000 рубли од Русија.[37]) Според Вулгарис парите биле недоволни зашто планираното востание чинело 200.000 франци. Тој сакал да купи еден брод на пареа (за префрлување на востаничките дружини во Македонија), два топа, пушки и друго. Во јуни и јули 1876 година се засилуваат подготовките за воста-

[35]) ДА СИП, ф. МИД ПО, Г/2, 1876, Ин. № 454, писмо од 28. V. 1876, л. 3.

[36]) Исто, л. 1—2; Писмо на Вулгарис — А САН Бе. Инв. бр. 25/205, фасц. XXV/6, с. 7.

[37]) ДА СИП, ф. МИД ПО, Г/2, писмо од 13. 5. 76, телеграма од 19. 5. 76; S. Dragumi, Anegdota engrafa ... Thes. 1966, 240; Ив. Шумков, н. д. 456; А САН Бе. Инв. бр. 25/205, фасц. XXV/6, с. 7.

нички акции во Македонија и во другите европски турски провинции. Се изјавува дека таму во јули ќе избувне востание. Востаничкиот водач Коста Карабатак со две мали чети заминал да дејствува, но „Турците ги предитрија и акцијата не успеа".

Истата работа продолжила и во наредните месеци. Било решено да се дигне востание прво на 20 септември, па потоа во октомври итн. За Македонија се предвидувало да замине Леонидас Вулгарис и Коста Карабатак. Тие требало да ја поминат реката Вардар за да фатат важни позиции, да растураат мостови и телефонски линии, да ги соберат за востание придобиените луѓе од Негуш, Бер, Воден, Кожени и Сачишта и да се соединат со одредот на некој Лазар од Костур. Била составена една чета да оди да дејствува во реонот Нигрита, Серско, а било нужно да се испратат поголеми востанички сили во Родопските планини за да биде ползата за Србија поголема, зошто така ќе се ангажирале побројни турски сили и ќе се дејствувало за прекинување на комуникациите Цариград — Ниш. За таму требаше да замине војводата Наско Кондо, кој бил повикан од Букурешт. Тука на исток требаше да се дејствува од Кавала до планината Балкан. На запад Охрид и областа биле сметани за многу важни места, зошто во Атина имало околу 1.000 емигранти од Македонија кои можеле да се испратат таму. За „Горна Албанија" и „Горна Македонија" требаше да замине и одредот на Црногорецот Филип Пламенац. На дигањето востание во Охридско и Родопите му се припишувало големо значење за општо антиосманските воени акции.[38]) Востаничките сили на исток требало да се префрлат со брод преку Егејско Море, а тие на запад (во Охридско . . .) преку Јадранското море и Албанија, но тоа било многу тешко зошто турската флота ги ловела бродовите, а бродовите на пареа кои биле побрзи, биле скапи. Освен тоа, грчката проангliска партија и нејзиниот антисловенски комитет дигале голема врева за овие потфати и ги предавале на турските власти. Освен во наведените области, како што назначивме, важни востанички акции требало да се изведат на железничката линија Солун — Серес . . . и во Костурско, за каде било предвидено да се испратат востанички одреди и да го дигнат народот на востание. Се тврдело дека наведените и други потфати биле мошне сериозно подготвувани,[39]) но само нешто од тоа се остварило, изгледа поради неуспешниот тек и завршувањето на Српско-турската војна, поради противењето на грчката англофилска партија и кралот и поради други причини.

---

[38]) ДА СИП, ф. МИД ПО, Г/2, 1876, Пис. на Вулгарис до Фирмилијан, писма од 23.6., 24.7. и 25.9.1876; АИИ Б. Инв. 11/45, 11/2, писмо од 18.7.76 ф. Ј. Ристиќ.

[39]) А САН, инв. бр. 25/205, фасц. XXV/6, с. 9; ДА СИП, ф. МИД ПО, Г/2, 1876, пис. на Вулгарис б. д. л. 16; Ристић, Дипл. ист. Србије, Бг. 1896, I, 198.

Босанско-Херцеговското востание, иако почетен и сталнозагревачки фактор на новото избувнување на источната криза, било една од главните причини за Српско-турската војна. Во извесна смисла тоа било посредна причина за учеството на голем број македонски доброволци во таа војна и во други антиосмански акции. Голем број од овие доброволци излегле од многубројната македонска емиграција во Србија, која секако знаела за ова востание и била под негово влијание. Се спомнува на пр. дека тоа се почувствувало кај Ѓорѓи Пулевски,[40]) кој на ова востание му посвети цело поглавје во својата „Славјанско-македонска општа историја", пишувана на „славјанско-македонско наречје", во текот на настаните или по нив.[41]) Босанско-херцеговското востание имало значаен одглас и кај македонската емиграција во Романија, од каде што се регрутирале голем број доброволци за Српско-турската војна. Таму уште од летото 1875 година се знаело и се зборувало за востанието, за неговото проширување, односно за објавување на слични востанија во другите балкански земји и во врска со тоа се барале искусни луѓе кои да застанат на чело на востанатиот народ. Меѓу тие луѓе го наоѓаме и поранешниот ајдутски војвода Христо Николов Македонски од Кукушко. Во врска со одгласот и влијанието на ова востание, Македонски го пишува следното: „Востанието во Херцеговина, подготовките на Србија (за војна — Р. П.), добрите вести од Бугарија (за востанички подготовки — Р. П.) . . . — сето тоа говореше во корист на нашите мечти и желби".[42]) Од дејноста на најистакнатите македонски ајдутски војводи Ил.о Марков-Малешевски од Берово, се гледа дека и тој размислувал на сличен начин како Хр. Македонски. Тие, првиот во Романија, а вториот во Србија, во текот на подготовките за Српско-турската војна, уште од април 1876 година се зафатиле да собираат доброволци со цел со нив да навлезат во турска територија за да го дигнат народот на востание и така ангажирајќи турска војска да го помогнат Босанско-херцеговското востание, Црна Гора и Србија во војната против Турција. Македонски собрал околу 200 доброволци и во Кладово формирал доброволечка дружина, составена во мнозинство од Македонци (пишува тој) и повеќето ги вооружил со свои средства.[43]) Освен Христо Македонски, во собирањето и организирањето, активно учествувал и Петар Николов Мишајков од Битола, кој имал гостилница во Турну Магурели (Романија). Тој се истакнал како еден од два-тројцата раководители на еден собирачки центар за доброволци во Кладово, кое било најзначајно место за препраќање на доброволци од Романија во Србија.

---

40) Ѓ. Пулевски, Одбрани страници, Ск. 1974, 256.

41) Т. Смиљанић, Б. М. Пуљевски, „Југ. Преглед", Ск. 1927, I, 2—3, 62.

42) Записки на Хр. Н. Македонски, С. 1973, 149, 157.

43) Записки на Хр. Н. Македонски, С. 1896, 168—170.

Во собирањето, организирањето и военото обучување на доброволци, од Македонците најповеќе се истакнал Ил>о Малешевски, кој повеќе години престојувал и живеел во Србија. Тој собирал доброволци од редовите на македонските и други работници и емигранти во повеќе српски градови и ги сместувал во доброволечкиот центар во Бољевац, а веројатно и во други места. Се тврди дека неговата доброволечка дружина била формирана од него во Белград од Македонци кои живееле таму.[44]) Освен наведените, исто и Коста А. Шуменковиќ од село Боровец — Струшко се истакнал во доброволечката акција. Тој собрал околу 150 доброволци, речиси сите од Охридско и Дебарско. Тие, заедно со други доброволци го сочинувале „моравско-добричкиот доброволечко-востанички кор", односно баталјон, кој заедно со другите доброволечки единици бил вклучен во српската моравска војска.[45]) Македонски доброволци се запишувале во повеќе доброволечки центри и во неколку српски и други воени единици. Во три српски доброволечки дружини (на Ј. Вртопчанин, П. Лазаревиќ и Г. Новаковиќ) и во една друга група наоѓаме над 60 македонски доброволци. Поединци имало и во бугарските чети на П. Хитов, Ф. Тотју и во други единици. Од едни нецелосни списоци на доброволци се гледа дека во нив биле запишани луѓе од над 20 македонски околии. Најмногу ги имало од Велес и Велешко — 22, од Струшко и Тетовско по 10 итн.[46])

Доброволечките дружини, по нивното формирање и краткото воено обучување, биле испраќани на српско-турската граница, каде што постепено се вклучувале во повеќе места на фронтовата линија. На 20 јуни 1876 година, кога почна Српско-турската војна доброволечката дружина на Ил>о Марков почна да оперира кај селата Ново Корито, Салаш, на Кади-Богаз и во други места. Дружината на Христо Македонски водела борби кај Вратарница, Рајановци . . . и околу 28 јуни се префрлила на Бабина Глава, каде што се наоѓала и дружината на Ил>о Марков.[47])

Во рамките на поопштите воени планови и решенијата за дигање востанија на христијаните во Османската империја, три бугарски и две македонски чети (И. Марков и Хр. Македонски) добиле задача да заминат од Бабина Глава и да одат во Бугарија да го дигнат народот на востание, со цел да се помогне војната на Србија против Турција, од која некои фактори очекувале и ослободување на Бугарија. На први јули четите заминале и секоја по определена насока се префрлиле на турска територија во областа на Стара Планина. Четата на Хр. Македонски, поминувајќи по Балта Бериловци, Црн Врв и други места се префрлиле на Бабин Заб во Чипровските планини. Марширај-

44) Т. Колев, Българските доброволци . . . I, с. 20.

45) В. Војводић, Школовање . . ., Ист. гласник, Бе. 1963, 4, 55, 56.

46) А ИИ (Архив Истор. института — Београд) фонд 14, кут. 9, бр. 2.

47) Ив. С. Павловић, Грађа . . ., 42—44; Т. Колев, н. д. 33—48; Записки на Хр. Македонски . . ., 170—182.

ќи преку Горни-Лом, таму стигнала и четата на Ил>о Марков и другите чети. Според решение на војводите, донесени на Бабин Заб, Христо Македонски со својата дружина заминал на југ кон Пирот за да дигне востание и да дејствува во задницата на турската војска која одела од Софија кон Ниш и фронтот.[48]) Според истото решение на војводите, Ил>о Марков, поради болест, заминал со својата чета кон српската граница. По неколку дена истото го направиле и другите чети. Тие имале неколку судири со непријателот, но востание не дигнале и се вратиле на српска територија кога почнала да отстапува српската војска и се приклучиле кон неа.[49])

По тоа дружината на Ил>о Марков и Христо Македонски, заедно со други доброволци и со единици на српската војска учествувале во борбите кај Бела Паланка, Треси Баба, Књажевац, Алексинац и на други места, каде што загинале или биле ранети поголем број борци. Околу 1 август во Делиград почнале да се собираат доброволечките единици и тука постепено биле престроени во доброволечки баталјони. Од македонските и други доброволци бил формиран еден посебен „руско-македонски баталјон", кој секако, покрај воените задачи, имал за цел да привлече што поголем број македонски доброволци, задоволувајќи ги на посреден или непосреден начин и посебните македонски барања. Овој факт има посебно значење зашто баталјонот е една од ретките македонски воени единици дотогаш. Овој и други слични баталјони биле организирани под раководството на руските доброволечки офицери Н. Медведовски и А. М. Милорадовиќ (Србин по народност). На 10 септември била формирана една доброволечка бригада составена од следните 4 баталјони: I-ви руско-црногорски, II-ри руско-македонски под команда на мајорот Шинсковски, III-ти и IV-ти руско-бугарски баталјон, составен секој од 550—600 лица. Бригадата била под командата на Медведовски и неговиот заменик Милорадовиќ. Таа и македонскиот баталјон пред и по тоа учествувале во повеќе битки.

Формирањето на доброволечката бригада на Медведовски секако била една од подготвителните акции за големата српска офанзива која почнала на 16 септември на Тимочко-моравскиот фронт од Јастребовац до Ѓунис и Тешице. По формирањето, бригадата влегла во составот на војската на полковникот Хорватовиќ, која била на позиција во Шил>еговац. На Кревет се наоѓала главнината на српската војска, која била под команда на генерал Черњаев. Хорватовиќ имал задача да го нападне левото крило на турската војска, а бригадата на Медведовски да го заобиколи истото и да го нападне од страна. Руско-српската бригада на полковникот Межанинов, во која секако имало и известен број македонски доброволци имала позиција, на Кревет.

---

48) Записки . . ., 183—186.

49) Записки . . ., 183—186; Г. Димитров, Княжество България, II, 523—524.

На 16 септември, според направениот план почнала српската офанзива. Доброволечките баталјони, заедно со српски единици го нападнале левото непријателско крило и на чело со црногорските доброволци се пробиле до третата линија на турските утврдувања. Следеле и други напади и контра напади. Оваа битка, која е позната како битка на Кревет и се смета за една од најголемите битки на Српско-турската војна од 1876 година, заврши успешно за српската војска. Руско-бугарските баталјони и руско-македонскиот, во битката учествувале под непосредна команда на А. М. Милорадовиќ. Според него, доброволците „храбро и машки" се бореле на 16 и 18 септември во битката на Кревет. Полковникот Краев додава дека доброволците со својата храбра борба се здобиле со симпатиите на српските команданти. Слично мислење имал и генерал Черњаев, кој според Сава Грујиќ, по големата битка од 16 септември, Черњаев, „охрабрен од **успехот на српската војска и доброто држање на доброволците,** настојувал да се продолжи војната" и побарал да се собираат нови доброволци за да формира нова доброволечка дивизија. (Подвлекол — Р. П.). За тоа говори и доста големиот број загинати и ранети доброволци. По битката, бригадата на Медведовски на 21 септември се вратила на Делиград, каде што Черњаев на прегледот ги пофалил доброволците за нивната храбра борбеност и наградил по неколку лица од секоја чета со „таковски крст за храброст".[50])

Бригадата на Медведовски, со неа и македонскиот баталјон се истакнале и во борбите под Заечар на 4 и 6 октомври за време на нападот на српската тимочка војска против турската војска на Осман паша. Таа учествувала и во борбите водени за време на големата турска офанзива од 10 до 17 октомври, која завршила со поразот на српската војска во битката на Џунис, по која следело примирјето и српско-турскиот мир. По тоа извесен број македонски доброволци учествувале и во втората српско-турска војна. Во првата војна, освен војводите Иљо Марков и Христо Македонски, се истакнале и следните македонски дејци: Ѓорѓи Пулевски, Григор Огненов (двајцата од Галичник — Дебарско), Ѓорѓи Андонов (од Кочанско), Димитар Трифунов Цветков, Коста А. Шуменковиќ (двајцата од Струшко), Деспот Бацовиќ (од Крушево) и други. Тие учествувале како подвојводи и командири на помали единици и за својата храброст биле наградени со ордени.[51])

Во периодот 1875—1878 година интересот на Србија и на одделни дејци од југословенските земји за Македонија пораснал како никогаш пред тоа. Исто така биле заинтересирани за Србија

---

[50]) С. Грујић, Српско-турски рат IV, 81, 109—112; Освобождение Болгарии I, 578—579; Павловић, н. д. 46.

[51]) Вл. Караманов, Кратката свобода..., Ил. Илинден, XII, 7, с. 13 и бр. 5, с. 12; В. Војводић, Школовање..., Ист. гласник, Бе. 1963, 4, с. 55, 58.

и Македонците, особено тие во странство, кои како што видовме, учествувале во повеќе работи преземени од неа, или во акции во кои учествувала и таа. Србија тогаш се интересирала за целокупната судбина на Македонија а особено за нејзиното државно уредување и за ставовите на големите сили по ова прашање. Во врска со тоа, во ноември 1877 година, долгогодишниот повереник на Србија за Македонија, Стефан Верковиќ, ги известува од Москва компетентните српски фактори, дека официјална Русија била мошне заинтересирана за Македонија и дека во склопот на тоа се зборувало за нејзин иден гувернер да биде назначен велешанецот Константин Петковиќ,[52]) кој пред тоа ги поттикнувал и помагал црногорските ослободителни акции и потфати и со други дела даде значаен придонес за запознавање на јавноста со југословенската проблематика.

Во мај 1878 година во Белград, истакнатиот македонски деец д-р Димитар Робев преговарал за државното уредување и општо за судбината на Македонија со претседателот на српската влада Јован Ристиќ, со митрополитот Михаило и со Матија Бан, кој со години бил ангажиран во антиосманското движење и во некои работи кои се однесувале и на Македонија. Покрај друго, Робев ги информирал своите сопреговарачи со дел од преговорите што ги водел пред тоа со Игнатиев за државното уредување на Македонија, односно за неговиот став, таа „... да не припадне на ни еден од трите главни народи на Балканскиот Полуостров“, т.е. да не биде приклучена, кон српската, грчката или кон новосоздадената бугарска држава, туку да биде „независна“ — велел Робев. Во врска со тоа се зборувало Робев да биде владар на Македонија.[53]) Би било интересно да се знае мислењето на српските и други кругови за овие прашања, но засега за тоа не се знае ништо. Вреди да се забележи дека овие преговори се водат во Белград, кој бил мошне важен центар на меѓубалканската и македонско-југословенската соработка, и дека освен српски политичари, во нив учествувале и дејци од другите југословенски земји како Верковиќ, Бан и други. Кај некои од нив македонските дејци наоѓаат извесно разбирање, поддршка или поттик. Како резултат на тоа и на други околности, во предвечерието на Берлинскиот конгрес, македонската емиграција во Србија, со поддршка на некои тамошни кругови, развила извесна дејност во врска со државното уредување на Македонија врз автономни начела. Во врска со тоа, една група македонски дејци, преку архимандритот Сава Дечански се обратила до големите сили со соодветно барање. Во него, меѓу другото, се изразува противење на грчката пропаганда „против нашето соединување — (велат тие) — со нашите словенски (се мисли на југословен-

---

[52]) Доклад на Веркович од 9. XI. 1877 — според Арнаудов, Веркович и Веда Словена, С. 1968, 435.

[53]) Според К. Цамбазовски, Мак. аутон. покрет..., Југословенски народи пред I светски рат, Бе. 1967, 1005.

ски — Р. П.) браќа и ги претставуваат Македонците, кои се најстари Словени[54]) на Балканскиот Полуостров и живееле долго заедно со Србите во државна заедница, а под својот цар Самуил биле самостојни, за Грци". Истовремено тие истакнуваат дека „народот во Македонија, освен тесна ивица покрај морето... е исклучително словенски". За државното уредување на Македонија тие ја изнесуваат оваа алтернативна концепција: „Ако денешните околности не допуштаат нашата татковина да се соедини во една држава со останатите браќа, тогаш те молиме (архимандрите Сава, — Р. П.) на конгресот да ги претставиш нашите желби и топла молба, да се даде на нашата земја автономна управа со христијански гувернер..." под надзор на султанот. Следат потписите на 19 лица на чело со Д. Атанасиевиќ, К. Шуменковиќ и др.[55]) Барања за посебно државно уредување на Македонија поставувале не само Македонците во емиграција, туку и Македонците во земјата. Во врска со тоа, бугарската буржоазија, односно нејзините претставители, водејќи сметка за нејзините аспирации спрема Македонија, уште пред тоа преземаше мерки да ги оневозможи посебните македонски барања.[56]) Освен бугарската, исто и српската и грчката буржоазија ги изнеле своите заграбувачки барања спрема Македонија и меѓусебно се судриле. Тие се труделе да ги искористат праведните македонски барања за големодржавни цели. Во таа смисла доста вешто делувале и српските владеачки кругови, но за тоа повеќе не ќе зборуваме.

По Берлинскиот конгрес, кога македонските дејци преземаа акции за подобрување на положбата на Македонија, без дадени предлози да се бара помош и од некои фактори во југословенските земји. Во август 1878 година се одржа едно советување на 50—60 македонски дејце кои решиле на еден или друг начин да се работи за посебното државно уредување на Македонија и во врска со тоа решиле преку големиот пријател на Македонија Штросмаер да се дејствува во Виена.[57]) Потоа, кога овие акции биле оневозможени, во денешна Пиринска Македонија избувна Кресненското, односно Кресненско-Разлошкото востание, тогаш познато во Европа како Македонско востание. Во него учествувале значаен број македонски доброволци-учесници во Српско-турската и Руско-турската војна. Заедно со нив, во востанието се вклучиле и извесен број доброволци од југословенските земји. Меѓу нив бил и црногорскиот војвода Пеко Павловиќ, командант на црногорските доброволци во Босанско-херцеговското востание и учесник во Црногорско-турската војна. Во Македонското востание од ноември 1878 година него го наоѓаме како војвода и член на воениот востанички совет. Учествувал во

[54]) За „Најстари Словени" пишува и Ј. Драгашевић..., Почеци соц. штампе на Балкану, Бе. 1974, 418.

[55]) Исто, 1005—1006.

[56]) Освобождение Болгарии... I, 554.

[57]) П. Урумов, Крес. востание, Мак. пр. VI, 2, 87.

повеќе борби и бил ранет. И по тоа тој продолжил да се интересира за Македонија. Предлагал (на 6. I. 1880 год.) да продолжи со работата за ослободувањето на христијаните.[58]) Заедно со Павловиќ, истовремено се вклучил во востанието Србинот Стеван Сретковиќ, кој се истакнал како војвода во борбите против непријателот во реонот на Разлошко. Покрај другото тој го нападнал средишното село Бања кое кратко време било ослободено од востаниците. Тој дејствувал во периодот ноември 1878 — јануари 1879 година, кратко време бил и член на воениот совет, но потоа не се знае што станало со него.[59])

Во ноември 1878 година некои македонски востанички и политички дејци презеле чекори да воспостават врски и соработка со бившите раководители на Босанско-херцеговското востание со цел да привлечат во востанието негови истакнати дејци и други доброволци од југословенските земји. Со писмо бил поканет Штросмаер да дејствува како што може во корист на востанието и општо на Македонија. Во Белград бил испратен преродбеникот и политички деец К. Шулев од Велес да го покани познатиот босанско-херцеговско востанички водач Мико Љубибратиќ да го организира и раководи востанието во Македонија.[60]) Не е познато од кои причини тој не се одзвал на поканата. Но место него се одзвал Мирослав Хубмаер.

Мирослав Хубмаер е роден во 1851 година во Љубљана, а умрел во 1910 година во Сараево. Бил типографски работник и подофицер на австриската војска. Учествувал во Босанско-херцеговското востание, се истакнал како командант на еден голем доброволечки одред и како раководител на востанието во северна Босна во периодот 1875—1876 година. Потоа зел учество во Српско-турската војна, а за време на вториот период од Кресненското востание, во периодот декември 1878 — март 1879 година дејствувал како заповедник (началник) на штабот на „македонската војска" на „Привремената управа на Македонија".[61]) Тој, заедно со Штабот, во кој членувале Ѓорѓи Пулевски и Поп Коста Буфски, раководел со пет востанички чети и одиграл значајна улога во организационите подготовки за востанички акции во 1879 година. Особено се заслужил за организирањето на четите врз воени начела и за воведување ред и дисциплина. Покрај другото, неговото раководно учество во настаните требаше да им даде поголема гласност во Европа. Во март 1879 година,

---

[58]) П. Павловиќ од Бугарија бил прогонет во Романија, од каде што се јави како „војвода на 5.000 македонски востаници". Не е јасно дали мисли на востаниците од Кресненското востание или на некои други (кои би ги собрал од редовите на мак. печалбари во Романија) — Б. П. Кирил, Съпротивата . . ., 81.

[59]) Кацаров — Капов, Документи . . ., СБ БАНИ, Со. 1940, XXXV, 71, 72; Б. П. Кирил, н. д. 88, 272, 273.

[60]) Кацаров — Кепов, Док. за Крес. вост., Сб. БАНИ, С. 1940, XXXVI, с. 74; Жизнеоп . . . Натанаила, Сб НУМК, Со. 1909, XXV, 1, 74.

[61]) Б. П. Кирил, Съпротивата . . ., с. 136, 142, 161, д. 19, 23, 35; Војна енциклопедија, Бе. 1972, III, 530 (латиница).

поради интригите на бугарскиот буржоаски политичар Ст. Стамболов, Хубмаер, бил повлечен. Мирослав Хубмаер се познавал со повеќе македонски дејци. Уште пред Кресненското востание се знаел со својот „стар познат, многустрадалниот борец за слободата, ајдучкиот свештеник Поп Коста Буф“ од село Буф, Леринско.[62]) За време на востанието, како началник на Штабот на македонската војска, тој не само што соработувал со востаничките раководители и борци, туку се запознал и со нивните национални сфаќања за македонската посебност. Во врска со тоа Хубмаер пишува: Во Македонија „недостига доверба во туѓите ослободители...“, „таму секој Македонец во себе си ја носи мислата за слободна, независна и самостојна Македонија“. Тој ги наведува и следните изјави на самите Македонци: „Ние“ — велеле тие — „со ентузијазам би се бореле за нашето ослободување за да бидеме слободни во нашата земја; но за да ги промениме само господарите, та наместо од турски заптии да бидеме тепани од бугарски или од српски жандарми, за нешто слично нема ни со прст да мрднеме“.[63]) Хубмаер со разбирање и симпатии се однесувал спрема овие сфаќања и барања. Тоа произлегувало и од неговите политички и идеолошки убедувања, односно од тоа дека малку подоцна него го среќаваме заедно со Пелагиќ како социјалистички агитатор на идејата за „една солидарна, наполно автономна и слободна федерација на балканско-карпатските народи“,[64]) која би ја опфатила и Македонија.

Освен Хубмаер и другите истакнати дејци од југословенските земји, во Кресненското востание учествувал и Хрватинот Драгутин (Драган) Карл Валтер, кој кратко време бил и началник на востаничкиот штаб. Тој одржувал врски со Загреб, Прага и Виена и испраќал таму вести за текот на востанието. Може би бил дописник на виенските весници: „Политише Кореспонденц“ и „Пресе“ (Politische Kurrespondenz, Presse) на загрепскиот „Обзор“ (Obzor) и на в. „Бугарин“ (Bulgarin). Во април 1879 година тој добил писма од Загреб и Прага во кои се ветувала „парична помош за Македонија“, но не е утврдено кој ја ветувал и дали таа била испратена.[65]) Сепак, и овие податоци сведочат за одгласот на востанието во Загреб и во Прага.

Во „македонската војска“, односно во востаничките чети, кои се подготвувале да дигнат востание во Македонија, или кои одвреме навреме дејствувале таму, се регистрирани (на 20 март 1879 год.) следните доброволци од југословенските земји освен од Македонија. Во II чета на капетан Павле: Иван Србин од Србија, Антон Петров од „Ерцеговина“; во V чета на дедо Ѓорѓи Пулевски: Ѓеорги Манев од Смедерево, Антон Митрев, водник, од Призрен, Милан Гаврилов од Белград; во VI чета на Коста

[62]) Сенкевич, Документи... ГИНИ, Ск. 1966, X, 1, 181.
[63]) Ѓ. Пулевски, Одбрани страници, Ск. 1974, с. 22.
[64]) К. Милутиновиќ, Федералистичка концепција..., Балканина V, 98.
[65]) Б. П. Кирил, Съпротивата..., 124, 235.

Николов: Никола Богданов од Призрен, Саво Вучков од Црна Гора; во VII чета на Николица Х. Македонски: Раде Илиев од Белград, Младен Блажев од Призрен, Никола Радов од Босна, Петар Георгиевски од Књажевац, Петар Радев од Црна Гора, Јуван Григориев од Белград. Меѓу востаничките војводи, кои предводеле чета, се наоѓа и Драгутин Новелиќ, командир на X. чета, но не е познато од која југословенска земја потекнува. Во неговата чета, која броела 39 лица се наоѓале и следните лица: Стефан Атанасов од Призрен, Ристо Петров од Врање, Андон Марков од Призрен; и во IX чета на Константин Плеваков: Русинот Саво Буков од Лесковица (Лесковац). Вкупно 17 лица. Чудно е што презимињата не им се на иќ. Изгледа вака ги напишале, нешто кое се практикувало.[66])

Македонското Кресненско востание имало значаен одглас во странство, особено во словенските земји, каде што пред тоа уште позначаен одглас имаше Босанско-херцеговското востание. Прашкиот чешки весник „Покрок", правејќи срамнување меѓу двете востанија, го напиша следното: „Ако тој пламен кој избувна во Херцеговина . . . ја имаше во себе чудотворната моќ да доведе до ослободувањето барем на еден дел од Балканскиот Полуостров . . . Македонското востание може да биде почеток на ослободувањето на другиот дел од Балканот".[67]) Значи, се правеле срамнувања меѓу Босанско-херцеговското и Македонското востание и врз основа на тоа се искажувале уверувања дека штом првото ја предизвика Српско-турската, Црногорско-турската и Руско-турската војна, второто ќе предизвика нови такви војни. Така им се припишувало, на двете востанија, големо значење.[68]) Македонското востание, тие очекувања не ги исполни зошто балканската, и општо европската положба коренито се изменила во негова штета. Со вакви и слични срамнувања и оценки за значењето и големината на Кресненското востание, неговиот одглас, во странство постигна врвна точка. И овој факт покажува дека ова востание било еден од тогашните позначајни настани од источната криза.

На крајот, кратко ќе истакнеме дека за време на ослободителните и другите антиосмански борби и потфати во периодот 1875—1878 година, дојде до значајна поврзаност меѓу Македонците и Македонија на една и другите југословенски земји и нивните дејци на друга страна, при што македонско-српските односи стоеја на прво место. Тогаш се оствари доста опширна и корисна соработка која претставува голем придонес за македонско-југословенската заемност особено на ослободителен борбен план. Во тој однос таа се јавува како врвно постигање во XIX век општо.

---

66) Б. П. Кирил, Съпротивата . . ., с. 286—300.

67) Predehra dohry — „Pokrok", Praha, 30. X. 1878.

68) Р. Поплазаров, Одгласот на Крес. вост. во чешкиот, печат, ГИНИ, Ск. 1965, VIII, 1, 139.